# ПОЛИТИКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА „КОЛАЧИЊА“ (COOKIES)

## Каков вид на „колачиња“ користиме?

„Колачиња” се мали текстуални фајлови кои се снимаат на вашиот компјутер заради следење на движењето на вашиот интернет пребарувач од страна на веб страницата. На страницата има само таков тип на „колачиња“ што исчезнуваат по исклучувањето на интернет пребарувачот, за разлика од оние кои можат да останат снимени на вашиот компјутер долг период.

## Зошто користиме „колачиња“?

Со помош на ваквите фајлови Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го следи движењето на посетителите на веб страната и на тој начин собира податоци за да го подобри корисничкото искуство и за да ја оптимизира и унапреди функционалноста на веб страната.

## Кои податоци ги собираме?

При посета на веб страницата, имајќи ја во предвид природата на Интернетот, се собираат податоци кои ги евидентираат корисниците, но сами по себе не се доволни за да се идентификува одредено лице и претставуваат статистички показатели кои се користат заради подобрување на квалитетот на интернет страницата. Таквите информации може да ги вклучуваат името на пребарувачот на интернет, број на посети, просечно време поминато на страната, типот на уреди, како и технички информации за конекцијата што ја користи корисникот при посета на интернет страницата, како што се оперативен систем и испорачувачот на интернет-услугата, IP (интернет протокол) адреси кои се доделуваат од страна на интернет провајдерите и се различни за секој корисник на интернет и слични информации.

## Прифаќање на условите

Корисникот има можност да даде согласност на веб страницата за користење на „колачиња“ или да го одбие истото. Со користење на „колачињата“, корисникот се согласува со одредбите од оваа

Политика за „колачиња“. Вашето континуирано користење на веб страницата следејќи ги промените на оваа Политика ќе се смета за ваше прифаќање на дадените промени.

**Ажурирано:** јули 2019 година